Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**ДОПИСЕН КУРС**

Лекција 15

## ХРИСТИЈАНСКИ СЛЕДБЕНИЦИ (1)

Да се научи да се следи Господ Исус Христос е пред сé работа на лојалност.

Како прво, оние кои би биле ученици и следбеници мора да разберат дека имаат потреба од простување. Според нашата природа, ние сме поврзани со гревот и смртта со тоа што сме потомци на Адам и Ева. Гревот е токму како господар кој владее со нашиот живот.

*"Зарем не знаете дека кога му ја нудите својата послушност на некого како робови, вие сте робови на оној на кого сте му се покориле - без разлика дали сте му робови на гревот, кој води во смрт, или сте ѝ робови на послушноста, која води во праведност?"* (Римјаните 6:16)

Оваа глава ни́ покажува дека ние можеме, со благодатта од Бог, да постанеме робови на најдобриот од господарите.

*". . . понудете му се на Бог, како оние кои биле вратени од смрт во живот; и понудете му ги деловите од вашето тело како инструменти на праведноста."* (Римјаните 6:13).

Баптизимот е симболична смрт, и ние се креваме од водата како нови созданија во очите на Бог. Се одвраќаме од нашиот стар себенасочен живот, за да започнеме нов живот во Христос, кој сега не е само наш Спасител туку и наш Господ. Ние, како нови созданија, му ја должиме нашата лојалност / верност на Него.

*"Ако некој сака да ме следи, тој мора да се одрече себеси и да го земе својот крст и да ме следи. Затоа тој кој сака да си го спаси својот живот ќе го изгуби, но тој кој ќе го загуби својот живот заради мене и заради Евангелието ќе се спаси."* (Марко 8:34,35)

### Препуштајќи му се на Христос

Послушноста кон Христос и неговото следење заради сето ова не треба да се сфатат површно. Тоа е најважниот чекор кој може кој и да било да го направи во животот; многу поважен отколку препуштањето на било која личност или идеа, колку добра и вредна таа причина може да биде. Да му се служи на Господ Исус Христос бара многу од нас; тоа е служба со потполно препуштање. Тоа е повик да се постане член на таа заедница на верници од целиот свет и од сите возрасти кој верува во "добрата вест за царството од Бог и името на Исус Христос" (Делата 8:12).

Во денешно време за оваа заедница се зборува како за "куќата" од Бог. Тие кои се делови од таа духовна зграда се мажи и жени кои се водени од мислата на духот, а не од мислата на "месото / телото", или природниот човек.

*"Мислата на грешниот човек е смрт, но мислата контролирана од Духот е живот и мир."* (Римјаните 8:6)
Ние сме повикани за издвојување / одделување од сите тие други нешта на препуштања кои порано беа толку важни.

*"Зарам не знаете дека вие самите сте храмот од Бог и дека Духот од Бог живее во вас? . . . затоа што храмот од Бог е свет, и вие сте тој храм."* (1 Коринтјаните 3:16,17).

Исус Христос Самиот е аголниот камен од овој храм, кој се гради врз основата на апостолите и пророците. Опкружени со толку несигурност, неодреденост и немир, ова знаење за господовите нешта носи чувство на мир кое е над сé во овој живот. Неговата вредност не може да се измери со вредностите од овој свет. Препуштајќи му се на нашиот нов Господар ние постануваме дел од нештата кои се вечни, како што вели апостолот:

*"Насочете ги вашите мисли на нештата кои се горе, а не на земските нешта. Затоа што вие умирате, и вашиот живот е сега скриен со Христос во Бог."* (Колосјаните 3:2,3).

## Давање отпор на старата личност

За жал, се разбира, нашата човечка природа секогаш пробува да ја преземе контролата врз нашиот живот. Нашето старо "јас" пробува да го сочува влијанието врз нашето срце и мисли. Заради ова животот е борба преполна со гнев, нервоза и жестокост. Следбениците на Господ Исус Христос се војници. Борбеното поле се наоѓа во секој еден од нас самите.

*"Издржете ги тешкотиите со нас како добри војници од Христос Исус. Ниту еден кој служи како војник не се вмешува во цивилни работи - тој сака да го задоволи својот офицер кој командува."* (2 Тимотеј 2:3,4).

Како следбеници на Господ Исус, доаѓаме до сознине дека можеме, многу лесно, да бидеме вратени во нашиот стар себенасочен начин на живот. Тоа е скоро како магнет кој нé привлекува и се чувствуваме повлечени кон сите тие нешта кои ги оставивме зад нас.

Па, како да им се опираме на овие нешта и како да се бориме против нив?

На два начини. Позитивно, со чување во центарот на нашиот живот на нештата кои му припаѓаат на Бог, и негативно, со останување колку што е можно подалеку од тие стари нешта кои нé привлекуваат.

## Молитва

Што значи ова во пракса?

Следбениците се сега мажи и жени кои можат да повикуваат кон Бог во секое време, како Негови деца. Тие можат да му зборуваат на Него како на "Татко" - навистина, како "Наш Татко". Ова е најсигурното ветување што го имаме:

*"Ако ги признаеме нашите гревови, тој е верен и праведен и ќе нѝ ги прости нашите гревови и ќе нé исчисти од сета неправедност."* (1Јован 1:9)

*"Така Јас ви велам. Побарајте, и ќе ви биде дадено; барајте, и ќе најдете; тропнете, и вратата ќе биде отворена за вас."* (Лука 11:9)

Ние можеме и треба секогаш и често да се молиме, тогаш нема да се чувствуваме изморени.

## Зборот од Бог

Ние добиваме голема помош од Зборот од Бог. Ние читаме многу нешта - дневен печат, списанија и книги од сите видови, но има само еден живот - извор кој нѝ е даден за освежување на срцето и мислите, а тоа е Библијата. Толку е лесно да ги храниме мислите со нештата кои по природа ги сакаме - но некои нешта кои можеме да ги читаме или гледаме се навистина штетни: други се, да се изразиме неубаво, нешта кои не се добри за нас. Ајде да се храниме со зборот од Бог:

*"Како новородени бебиња, јадете чисто духовно млеко, така што со тоа можете да растете во вашето спасение."* (1Петар 2:2)

*"Духот дава живот; месото не се смета за ништо. Зборовите кои ви ги кажав се дух и даваат живот."* (Јован 6:63)

Да, Зборот од Бог е нашиот меч на духот, кој се бори против искушенијата кои би сакале да завладеат со нас (Евреите 4:12) и да продолжат да ги прават оние нешта кои не се чисти, и се навреда за Бог.

## Споделување на верата

Следбениците исто така добиваат голема сила и храброст со тоа што ќе бидат заедно со оние кои ја споделуваат нивната вера. Затоа е многу важно да се среќаваме колку што е можно почесто.

Овие заеднички средби не се само чисто дружење. Тоа е израз на нашето другарување и следење на Христос. Малахија, пророк од Стариот Завет, рекол:

*"Тогаш тие кои се плашеле од Господарот зборувале со секој еден помеѓу себе . . . "* (Малахија 3:16)

Исус Самиот, зборувајќи за тој најсериозен момент кога следбениците се среќаваат за да се сетат на Неговата жртва и воскресение, рекол:

*"Со најголема желба сакав да ја јадам оваа Пасха со вас пред да настрадам . . . правете го ова за сеќавање на мене."* (Лука 22:15-20)

Нам исто така нѝ е речено да не "престануваме да се среќаваме .. . туку да се охрабруваме еден со друг - и се повеќе како што ќе гледате дека Денот наближува." (Евреите 10:25)

Со сето ова Господ ни дава богатство од начини за охрабрување, давање на правец и пример за оние кои се посветуваат себе си на неговата служба и го ставаат тоа како прва цел во живот кој им следи.

## Прашања

15.1 Која е разликата помеѓу "старото јас" и "новото јас"?

15.2 Како ја искажувам мојата верност кон Исус во мојот секојдневен живот?